# Phonak Naída™ B

## (B90/B70/B50/B30)

## Упатство за употреба




A Sonova brand

PHONAK
life is on

Ова упатство е наменето за:

| **Безжичните модели** | **CE сертифицирани** |
|---|---|
| Phonak Naída B90-SP | 2017 |
| Phonak Naída B90-UP | 2017 |
| Phonak Naída B70-SP | 2017 |
| Phonak Naída B70-UP | 2017 |
| Phonak Naída B50-SP | 2017 |
| Phonak Naída B50-UP | 2017 |
| Phonak Naída B30-SP | 2017 |
| Phonak Naída B30-UP | 2017 |

0459

# Детали за Вашето слушно помагало

ⓘ Доколку не го знаете моделот на Вашето слушно помагало, обратете се во нашата специјализирана продавница.

| **Модел** | **Батерија** |
| --- | --- |
| ☐ Naída B-SP (B90/B70/B50/B30) | 13 |
| ☐ Naída B-UP (B90/B70/B50/B30) | 675 |

**Силиконска влошка**

☐ Индивидуална влошка

Вашиот специјалист за слушни помагала:

**СЛУХ 1**
Бул.Партизански одреди бр.66А/2-1М
1000 Скопје
Македонија

Вашите слушни помагала се дизајнирани од Phonak – светски лидер во решенија за слухот, со седиште во Цирих, Швајцарија.

Овие премиум производи се резултат на долгогодишни истражувања и експертиза и се дизајнирани да Ве поврзат со убавината на звукот! Ви благодариме што го правите овој одличен избор и Ви посакуваме долгогодишно уживање во слушањето.

Ве молиме внимателно прочитајте го упатството за употреба, со цел да имате целосна корист од Вашите слушни помагала. За повеќе информации за карактеристиките и придобивките, контактирајте го Вашиот специјалист за слушни помагала.

Phonak – life is on
www.phonak.com

# Содржина


**Вашето слушно помагало**

1. Краток водич 6
2. Делови на слушното помагало 8

**Употреба на слушното помагало**

3. Ознаки за лево / десно слушно помагало 9
4. Вклучување/Исклучување 10
5. Батерии 11
6. Поставување на слушното помагало 13
7. Отстранување на слушното помагало 14
8. Програмски прекинувач 15
9. Потенциометар за јачина на звук 16
10. Roger за подобра комуникација во бучава и од поголемо растојание 17
11. Употреба на Roger приемниците 19

**Дополнителни информации**

12. Придружете се на нашата заедница за оштетен слух! 24
13. Решение подобро и од Вашето слушно помагало 25
14. Грижа и одржување 28
15. Сервис и гаранција 31
16. Информации за усогласеност 33
17. Информации и објаснување на симболите 38
18. Проблеми при користење 42
19. Важни безбедносни информации 44

# 1. Краток водич

## Ознаки за лево/десно слушно помагало



Сина ознака за **лево слушно помагало.**

Црвена ознака за **десно слушно помагало.**

## Промена на батерија




Отстранете ја налепницата од батеријата и почекајте две минути пред да ја ставите во слушното помагало.




Отворете го капачето за батерија.




Поставете ја батеријата на самото капаче во правец на знакот „+“.

## Вклучување/исклучување



Вклучување



Исклучување

## Програмски прекинувач



Програмскиот прекинувач може даима повеќе функции.

## Потенциометар за јачина на звук



За да ја зголемите јачината на звукот, притиснете го потенциометарот нагоре. За да ја намалите јачината на звукот, притиснете го потенциометарот надолу.

# 2. Делови на слушното помагало

На сликите подолу се прикажани силиконските влошки и моделите на слушни помагала.



Индивидуална влошка

## Naída B-SP & B-UP



## 3. Ознаки за лево / десно слушно помагало

Слушните помагала се обележани со црвена
или сина ознака за лева или десна страна



Сина ознака за **лево слушно помагало.**
Црвена ознака за **десно слушно помагало.**

# 4. Вклучување/Исклучување

Капачето за батерија може да послужи и за вклучување и исклучување на помагалото.

1

Затворено капаче = слушното помагало е **вклучено**.



2

Отворено капаче = слушното помагало е **исклучено**.



ⓘ При вклучување, ќе слушнете краток звук, кој сигнализира почеток на работа на помагалото.

# 5. Батерии




Отстранете ја налепницата од батеријата и почекајте две минути пред ја ставите во слушното помагало.




Отворете го капачето за батерија.




Поставете ја батеријата на самото капаче во правец на знакот „+“.

ⓘ Доколку имате проблем со затворање на капачето за батерија: Проверете дали батеријата е поставена правилно, во правец на знакот „+“. Доколку батеријата не е поставена правилно, слушното помагало нема да работи и може да дојде до оштетување на капачето за батерија.

Празна батерија: Кога батеријата е празна, ќе слушнете два акустични сигнали. Откако ќе ги слушнете сигналите, имате околу 30 минути (ова може да варира, во зависност од подесувањето на слушното помагало и батеријата) да ја промените батеријата. Препорачуваме да носите резервна батерија секогаш со себе.

## Промена на батерија

Слушното помагало работи со цинкови батерии. Идентификувајте го точниот модел на Вашата батерија (13 или 675) со:

- Проверка во „Детали за Вашето слушно помагало“ на страна 3.
- Проверка на ознаката од внатрешната страна на капачето за батерија.
- Проверка на следната табела.

| **Модел** Phonak Naída | **Тип на батерија** | **Боја на пакување** | **IEC код** | **ANSI код** |
|---|---|---|---|---|
| B-SP | 13 | портокалова | PR48 | 7000ZD |
| B-UP | 675 | сина | PR44 | 7003ZD |

ⓘ Ве молиме употребувајте го правилниот тип на батерија (цинкова). За повеќе информации, околу безбедноста на производот погледнете во поглавје 19.2.

# 6. Поставување на слушното помагало

1

Поставете ја индивидуалната влошка во ушниот канал.



2

Поставете го слушното помагало зад Вашето уво



3

Горниот дел од индивидуалната влошка поставете го во горниот дел од ушната школка.



# 7. Отстранување на слушното помагало

1

Подигнете го помагалото од горниот дел на увото.



2

Внимателно повлечете индивидуалната влошка од увото.



ⓘ Бидете внимателни при отстранување на индивидуалната влошка да не го оштетите силиконското цевче.

# 8. Програмски прекинувач



Програмскиот прекинувач може да има повеќе функции или да биде деак- тивиран. Тоа зависи од индивидуалните потреби и подесувања на Вашето слушно помагало. За повеќе информации, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

# 9. Потенциометар за јачина на звук

За да ја зголемите јачината на звукот, притиснете го потенциометарот нагоре. За да ја намалите јачината на звукот, притиснете го потенциометарот надолу. Потенциометарот за јачина на звук може да биде деактивиран од страна на Вашиот специјалист за слушни помагала.



# 10. Roger за подобра комуникација во бучава и од поголемо растојание

Дали сте често во ситуации каде нивото на бучава е голем или растојанието до соговорникот е повеќе од 1,5 метри? На пример во

- бучни ресторани, кафулиња и барови
- семејни собири
- деловни состаноци, презентации и предавања со еден или повеќе звучници
- еден-на-еден разговори
- мобилни телефонски повици
- гледање телевизија и слушање на музика
- во автомобил
- онлајн видео повици

Комбинирањето на Вашите Phonak Naída B слушни помагала со безжичниот микрофон на Roger Ви овозможува подобро слушање и поголема разбирливост на говорот во овие предизвикувачки ситуации.
www.phonak.com/roger




Roger микрофонот го пренесува гласот на соговорникот директно до Вашите уши. Системот се состои од три главни елементи: Слушни помагала, Roger приемници и Roger микрофон.

За демонстрација и повеќе информации во врска со Roger, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

# 11. Употреба на Roger приемниците

## 11.1 Вградени Roger приемници

Вашите Phonak Naida B слушни помагала имаат опција за вградени Roger приемници.

Со вградениот приемник, слушното помагало ги нуди сите функционалности и користи како и без приемник. Слушното помагало со вграден приемник е водоотпорно. За повеќе детали,погледнете го поглавје 14.




⚠ Вашиот специјалист за слушни помагала веќе го подготвил Вашето слушно помагало за употреба со Roger. За повеќе информации, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

## 11.2 Аудио влошка и Roger X приемник




Со Аудио влошката и Roger X приемникот, слушното помагало ги нуди истите функционалности и користи како и без приемник, со еден исклучок:

⚠ Вашето слушно помагало со аудио влошка не е водоотпорно.

## Прикачете ја аудио влошката

1

Притиснете ја аудио
влошката кон дното
на слушното помагало.
Совпаднете ги жлебовите
од двата дела.



2

Притискајте дур не
се постави правилно
на слушното помагало.
Сега Roger X приемникот
може да биде прикачен.



## Прикачување на Roger X приемникот

1

Споете ги трите конектори на Roger X приемникот со трите жлебови од аудио влошката. На тој начин Roger X приемникот е правилно прикачен.



За повеќе информации, Ве молиме погледнете го упатството за приемници.

⚠ За да го слушнете веднаш сигналот на Roger микрофонот, препорачуваме да го оставите Roger X приемникот прикачен кога не е во употреба.

## Отстранување на аудио влошката

1

Земете го слушното помагало помеѓу палецот и показалецот. Повлечете го системот за заклучување на аудио влошката назад.



2

Повлечете ја аудио влошката нагоре со другата рака. На тој начин аудио влошката е отстранета од слушното помагало.



# 12. Придружете се на нашата заедница за оштетен слух!

На HearingLikeMe.com ќе најдете:

- **Живот со оштетен слух**

Збир на интересни статии за тоа како да се живее со оштетен слух.

- **Форум**

Форум за запознавање и вклучување на луѓе кои се соочуваат со истите предизвици.

- **Блог**

Блог за да бидете во тек со најновите вести за слухот.

HearingLikeMe.com

# 13. Решение подобро и од Вашето слушно помагало

Како што прогресира оштетувањето на слухот, слушното помагало може повеќе да не биде вистинско решение за Вас. Доколку се мачите да разберете или да зборувате по телефон, може е време за кохлеарен имплант. Со денешните достигнувања во технологијата на слушањето, голем број лица со значително оштетување на слухот, уживаат повторно во звуците благодарение на кохлеарните импланти. Овој напреден слушен уред е дизајниран да Ви помогне да ги вратите звуците и радоста на животот кои Ви недостасуваат.

Системот на кохлеален имплант се состои од две главни компоненти. Надворешната компонента е звучен процесор кој се носи на надворешното уво како слушно помагало. Внатрешната компонента е имплант, кој обезбедува звук до слушниот нерв. За разлика од слушните помагала, кохлеарните импланти го заобиколуваат оштетениот дел од увото и испраќаат електрични сигнали директно до мозокот преку аудитивниот нерв. Кохлеарните импланти може да Ви помогнат да ги слушнете звуците кои

вистински го збогатуваат животот-звуците од природата, смеата со пријателите, музиката и многу други.

AB и Phonak се сестрински компании кои работат заедно да им помогнат на луѓето со значително оштетен слух. Звучниот процесор Naida CI од Advanced Bionics обезбедува уникатни карактеристики кои им помагаат на корисниците да слушнат подобро во било која средина. Како резултат на уникатната поврзаност на AB и Phonak, Naida CI звучниот процесор поседува дел од карактеристиките на Naida слушните помагала. Овие карактеристики вклучуваат технологија наменета за подобра разбирливост на говорот и удобност при слушање во различни ситуации. Доколку имате Roger систем за подобро разбирање во бучава и од растојание, за уживање во музика, ТВ, и користење мобилен телефон, можете да го користите и со Вашиот Advanced Bionics кохлеарен имплант.

За повеќе информации во врска со технологијата на Naída CI и AB кохлеарните импланти, посетете ја **AdvancedBionics. com.**

# 14.Грижа и одржување

Секојдневната грижа и одржување на слушното помагало придонесува за исклучителни перфоманси и долготрајна употреба.

Ве молиме користете ги следниве спецификации како упатство. За понатамошни информации во врска со безбедноста на производот, погледнете во поглавје 19.2.

**Општи информации**
Пред да употребите спреј за коса или која било козметика, отстранете го помагалото од Вашето уво, бидејќи овие производи можат да го оштетат.

Кога не го употребувате Вашето слушно помагало, оставете го капачето за батерија отворено, доколку има влага, таа ќе се исуши. По употребата на слушното помагало, секогаш повторувајте го овој чекор на сушење. Чувајте го слушното помагало на безбедно, суво и чисто место.

Вашите слушни помагала се отпорни на вода, пот
и прашина, под следните услови:

- Доколку капачето од батеријата е целосно затворено. Внимавајте од навлегување на страни тела во капачето од батеријата.
- Доколку по изложеност на вода ,пот или прашина, веднаш го исчистите и исушите помагалото.
- Доколку слушниот апарат се користи и одржува според приложеното упатство.

ⓘ Слушните помагала кои имаат интегриран Roger приемник се исто така водоотпорни.

ⓘ Слушните помагала со аудио влошка и Roger X приемник не се водоотпорни.

ⓘ Изложеноста на слушниот апарат на вода може да го спречи протокот на воздух до батеријата, предизвикувајќи престанок на работа на слушното помагало. Доколку Вашето помагало престане да работи по контакт со вода, погледнете ги чекорите за справување со проблеми во поглавје 18.

**Дневно**
Отстранете ја влошката од помагалото за да ја исчистите ушна маст и влагата кои настануваат при носење на помагалото. Исчистете ја површината со суво марамче или употребете ја малата четка која се наоѓа во Вашата футрола. Никогаш не употребувајте домашни детергенти како прашак за перење, сапуни и сл. за чистење на Вашето слушно помагало. Не употребувајте вода при чистење. Доколку имате потреба од темелно чистење на Вашето слушно помагало обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

**Неделно**
Чистете ја силиконската влошка со мека, влажно марамче или со специјален сет за чистење на слушни помагала. Доколку имате потреба од темелно чистење на Вашето слушно помагало обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

**Месечно**
Доколку забележите промена во бојата на силиконското цевче или влошка, таа е стврдната или пукната, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала, за да се изврши промена на силиконското цевче или да се земе мерка за нова индивидуална влошка.

# 15. Сервис и гаранција

**Локална гаранција**
Ве молиме консултирајте се со Вашиот специјалист за слушни помагала за Вашата локална гаранција.

**Меѓународна гаранција**
Phonak нуди нуди гаранција од една година, валидна од денот на купување на производот. Оваа ограничена гаранција покрива поправки во случај на производствени дефекти, но не додатоци како батерии, силиконски влошки и цевчиња, надворешни приемници. Гаранцијата е валидна само со прикажан доказ за купување на производот.

Меѓународната гаранција не е под влијание на закони за потрошувачи кои се од легитимно значење во локалната земја.

**Ограничувања на гаранцијата**

Оваа гаранција не ги покрива штетите направени од невнимателно ракување, изложеност на хемикалии, вода или прекумерен стрес. Гаранцијата не важи доколку штетата е предизвикана од трети лица или неавторизирани сервисни центри. Оваа гаранција не вклучува услуги кои ги извршува професионалното лице во специјализираната продавница.

Сериски број
(лева страна):

____________________________

Сериски број
(десна страна):

____________________________

Датум на купување:

____________________________

Авторизиран специјалист
(печат/потпис):

____________________________

# 16.Информации за усогласеност

**Европа:**

**Декларација за сообразност**

Со ова Sonova AG изјавува дека овој производ ги исполнува барањата на директивата за медицински помагала 93/42/EEC, како и директивата за радио и телекомуникациска опрема 2014/53/EU. Целосниот текст од Декларација за сообразност може да се добие од производителот или од локалниот генерален застапник на Phonak, чија адреса можете да ја најдете на www.phonak.com (Локации на Phonak низ светот).

**Австралија/Нов Зеланд:**

**R-NZ**

Укажува на усогласеност на уредот со регулаторните аранжмани за регулирање на радио спектарот (RSM) и австралиските комуникации и медиуми (ACMA) за законска продажба во Нов Зеланд и Австралија.
Етикетата за усогласеност R-NZ е за радио производи испорачани на пазарот во Нов Зеланд под нивото на сообразност A1.

Безжичните модели, наведени на стр. 2 се сертифицирани под:

**Phonak Naída B-SP (B90/B70/B50/B30)**

| | |
|---|---|
| САД | **FCC ID:** KWC-BTEVSP |
| Канада | **IC:** 2262A-BTEVSP |

**Phonak Naída B-UP (B90/B70/B50/B30)**

| | |
|---|---|
| САД | **FCC ID:** KWC-BTEVUP |
| Канада | **IC:** 2262A-BTEVUP |

**Забелешка 1:**
Овој уред е во согласност со Дел 15 од FCC правилата и RSS-210 од индустријата на Канада. Функционалноста е предмет на следниве два услови:

1) овој уред  неможе да предизвика штетни влијанија, и
2) овој уред мора да ги прифати сите примени пречки, вклучувајќи и  несакано предизвикани пречки.

**Забелешка 2:**
Промени или модификации направени на овој уред кои не се одобрени од Sonova AG, ја поништуваат важноста на FCC авторизацијата за управување со овој уред.

**Забелешка 3:**
Овој уред е тестиран и е во согласност со условите на класа Б дигитални уреди и Дел 15 од FCC Правилникот и ICES-003 од индустријата во Канада. Овие услови се дизајнирани да обезбедат заштита од штетни влијанија во населени области. Овој апарат генерира, употребува и емитува радио фреквентен сигнал, и доколку не е инсталиран и употребуван во согласност со упатствата, може да предизвика пречки во радио комуникацијата. Сепак, не постои гаранција дека

пречки нема да се појават во одредена област. Доколку апаратот предизвикува пречки во приемот на радио или телевизискиот сигнал, кое може да се одреди со вклучување и исклучување на опремата, корисникот може да се обиде со некоја од следните мерки:

- Променете ја локацијата или ориентацијата на приемната антена.
- Зголемете го растојанието помеѓу приемникот и апаратот.
- Приклучете го апаратот  и приемникот на различни приклучоци за струја.
- Консултирајте се со искусен радио /ТВ техничар.

## Дополнителни информации за Вашето безжично слушно помагало

| | |
|---|---|
| Модел на антена | Антена со интегриран феритен калем (индуктивна) |
| Оперативна фреквенција | 10.6 MHz |
| Окупиран пропусен опсег (99% BW) | Прибл. 500 kHz |
| Модулација | DQPSK |
| Канал | Едноканално радио |
| Оперативен опсег | 18 cm (7”) |
| Случај на употреба | Стриминг на аудио или команден сигнал до слушното помагало на другото уво кое го прима звукот |
| Сила на магнетно поле @ 3 m | -20.5 dBµA/m |

# 17. Информации и објаснување на симболите




Со CE симболот, Sonova AG потврдува дека овој производ -вклучувајќи ги и додатоците – ги исполнува барањата на Директивата за медицински помагала 93/42/EEC, како и Директивата за радио и телекомуникациска опрема 2014/53/EU. Броевите кои доаѓаат по CE симболот се однесуваат на код на овластени институции кои се консултирани за горенаведените Директиви.



Овој симбол означува дека производите опишани во ова упатство се придржуваат кон барањата за применетиот дел од Тип Б од EN60601–1. Површината на слушното помагало е назначен како применет дел од Тип Б.



Го означува производителот на медицински помагала, како што е дефинирано во Директивата на EU 93/42/EEC.



Овој симбол означува дека е важно корисникот да ги прочита и да ги има предвид сите важни информации во овие упатства.



Овој симбол означува дека е важно корисникот да обрне внимание на важните мерки за претпазливост во овие упатства.



Важни информации за ракување и безбедност на производите.



При транспорт производите да бидат складирани на суво место.

| | |
|---|---|
| **Оперативни услови** | Производот е дизајниран да функционира без проблеми или ограничувања доколку се користи според приложеното упатство. Слушните помагала се класифицирани по IP68 (длабочина од 1 метар за 60 минути) и се дизајнирани да се користат во сите секојдневни животни ситуации. Затоа, не мора да се грижите доколку ги изложите на дожд, прашина или пот. Сепак, слушното помагало не е наменето да се користи во вода и при активности кои вклучуваат хлорирана вода, сапун, солена вода или други течности со хемиска содржина. |
| SN | Го означува серискиот број на производителот за да може да се идентификува медицинскиот уред. |
| REF | Го означува бројот на каталог на производителот за да може да се идентификува медицинскиот уред. |

| | |
|---|---|
|  | Температура при транспорт и складирање:<br>–20° до +60° Целзиусови степени (–4 до +140 Фаренхајтови степени). |
|  | Влажност на воздухот при транспорт:<br>до 90% (без кондензација).<br>Влажност при складирање: од 0% до 70%, доколку не се користи погледнете инструкции во поглавје 19.2 за сушење на слушното помагало по употреба. |
|  | Атмосферски притисок: 200 и 1500 hPa |
|  | Симболот се прецртана корпа за отпадоци значи дека слушното помагало не смее да биде фрлено како отпад од домаќинство. Доколку сакате да се ослободите од Вашето старо слушно помагало, тоа сторете го во отпад за електронски уреди или однесете го кај Вашиот специјалист за слушни помагала. На тој начин ја штитите животната средина и здравјето на сите околу Вас. |

# 18.Проблеми при користење

| Проблем | Причина |
|---|---|
| Слушното помагало не функционира | Празна батерија |
| | Блокиран микрофон/силиконска влошка |
| | Батеријата е погрешно поставена |
| | Слушното помагало е исклучено |
| Слушното помагало свири | Слушното помагало не е правилно поставено во увото. |
| | Имате ушна маст. |
| Слушното помагало нема доволно јачина или звукот е непријатен | Помагалото е прегласно. |
| | Слаба батерија |
| | Звучникот/влошката се блокирани |
| | Помагалото е претивко. |
| | Состојбата со слухот е променета. |
| Слушното помагало дава два сигнала | Индикатор за слаба батерија |
| Слушното помагало се вклучува и исклучува (наизменично) | Постои влага на батеријата или во слушното помагало. |

ⓘ Доколку проблемот продолжи, контактирајте го Вашиот специјалист за слушни помагала.

**Што да направите**

Променете батерија (поглавје 1 + 5)

Исчистете го отворот на звучникот/силиконската влошка

Правилно поставете ја батеријата (поглавје 1 + 5)

Вклучете го слушното помагало со целосно затворање на капачето од батеријата (поглавје 4)

Поставете го правилно слушното помагало (поглавје 6)

Контактирајте го Вашиот ушен доктор или специјалист за слушни помагала

Намалете го потенциометарот за јачина на звук (поглавје 8 + 9)

Променете батерија (поглавје 1 + 5)

Исчистете го отворот на звучникот/силиконската влошка

Зголемете го потенциометарот за јачина на звук доколку го имате (поглавје 8 + 9)

Контактирајте го Вашиот специјалист за слушни помагала

Променете батерија во следните 30 минути (поглавје 1 + 5)

Исчистете ја батеријата и слушното помагало со суво марамче

# 19.Важни безбедносни информации

Ве молиме прочитајте ги информациите на следниве страници пред употреба на Вашето слушно помагало.

Слушното помагало нема да го врати Вашиот слух и нема го спречи или подобри оштетувањето на слухот кое е резултат на органски причини. Само редовната употреба му овозможува на корисникот да има целосна корист од слушното помагало. Употребата на слушно помагало е само дел од подобрувањето на способноста за слушање и можеби ќе треба да се надополни со соодветна рехабилитација за развој на говорот.

## 19.1 Предупредувања

⚠ Намената на слушното помагало е да го засили и пренесе звукот до ушите и притоа да компензира за оштетениот слух. Слушните помагала (исклучиво програмирани за нечие оштетување) можат да се користат само од корисникот за кого се наменети. Доколку ги користи лице за кое не се наменети, слухот ќе се оштети.

⚠ Промени или модификации на слушното помагало кои не се одобрени од Sonova AG се недозволени. Таквите промени можат да го оштетат Вашето уво или слушно помагало.

⚠ Не ги користете слушните помагала во области со експлозиви (рудници или индустриски области со опасност од експлозии).

⚠ Батериите за слушните помагала се токсични доколку се проголтаат! Држете ги подалеку од дофат на деца и домашни миленици. Доколку овие батерии се проголтаат, веднаш побарајте лекарска помош!

⚠ Доколку почувствувате болка во или позади увото, ако е воспалено, ако кожата е иритирана или имате повеќе церумен од претходно,

Ве молиме обратете се кај Вашиот лекар.

⚠ Во многу ретки случаи, влошката може да остане во Вашиот ушен канал кога го отстранувате цевчето од увото. Доколку се случи да се заглави во увото, веднаш консултирајте се со Вашиот специјалист за слушни помагала.

⚠ Програмите на слушните помагала кога се во опција „директен микрофон " ја намалуваат заднинската бучава. Ве молиме бидете свесни дека сигналите, звуците кои доаѓаат од заднината, пр. автомобили, се делумно или целосно потиснати.

⚠ Ова слушно помагало не е за деца помали од 36 месеци. Употребата на овој уред од деца и индивидуи со когнитивно нарушување треба да биде под надзор. Слушното помагало содржи мали делови кои не смеат да бидат на дофат на деца. Држете ги подалеку од дофат на деца и домашни миленици. Доколку овие батерии се проголтаат, веднаш побарајте лекарска помош!

⚠ Не го поврзувајте со жица Вашето слушно помагало со надворешни извори на звук, како радио итн. Тоа може да предизвика повреди на вашето тело (електричен шок).

⚠ Следново се применува само за лица со активни имплантирани медицински помагала (на пример, пејсмејкери, дефибрилатори итн.):

- Чувајте го безжичното слушно помагало најмалку 15 см (6 инчи) подалеку од активниот имплант. Ако имате било какви пречки, не ги користете безжичните слушни помагала и контактирајте со производителот на активниот имплант. Ве молиме, имајте предвид дека интерференцијата може да биде предизвикана и од далноводи, електростатско празнење, аеродромски метални детектори итн.
- Чувајте ги магнетите (т. е. алатка за ракување со батерии, магнет за EasyPhone, итн.) 15 см (6 инчи) подалеку од активниот имплант.
- Ако користите безжични додатоци на Phonak, погледнете во упатството за употреба, поглавје„Важни безбедносни информации“ за Вашиот безжичен додаток.

⚠ Слушните помагала не треба да бидат подесени со влошка: Dome/системи за заштита од ушна маст на корисници со перфорирани ушни тапанчиња и воспалени ушни канали. Во овие случаи, препорачуваме користење на индивидуални влошки. Малку е веројатно дел од овој производ да остане во ушниот канал, но доколку тоа се случи, препорачуваме да посетите лекар специјалист.

## 19.2 Информации за безбедност на производот

ⓘ Phonak слушните помагала се отпорни на влага а не се водоотпорни. Тие се дизајнирани да издржат нормални активности и повремено случајно изложување на екстремни услови. Никогаш не го мијте Вашето слушно помагало со вода! Phonak слушните помагала не се специјално дизајнирани за конти- нуирано потопување во вода, или активности како пливање или капење. Секогаш отстранувајте го Вашето слушно помагало пред овие активности, бидејќи слушното помагало содржи чувствителни електронски делови.

ⓘ Никогаш не ги мијте влезо- вите за микрофон. Тоа би можело да предизвика губење на специјалните акустични карактеристики.

ⓘ Заштитете го Вашето слушно помагало од топлина (нико- гаш не го оставајте во близи- на на прозорецот или во автомобил). Никогаш не користете микробранови печки или други уреди за греење за да го исушите Вашето слушно помагало. За повеќе информации за на- чините на сушење, обратете се кај Вашиот специјалист за слушни помагала.

ⓘ Кога не го користите Вашето слушно помагало, оставете го капачето за ба- терија отворено за влагата да испари. Секогаш сушете го Вашето помагало по употреба. Чувајте го слушното помагало на безбедно, суво и чисто место.

ⓘ Внимавајте на Вашето слушно помагало од пад! Пад на тврда површина може да го оштети Вашето слушно помагало.

ⓘ Секогаш користете нови батерии за Вашето слушно помагало. Во случај на истекување на батеријата, веднаш заменете ја со нова за да избегнете иритација на кожата. Можете да ги вратите празните батерии на Вашиот специјалист за слушни помагала.

ⓘ Батериите кои се користат за овие слушни помагала не смеат да надминат 1,5 Волти. Ве молиме не користете сребрено-цинкови или Li-ion (литиумско-јонски) батерии за полнење, бидејќи тие може да предизвикаат сериозни оштетувања на слушните помагала. Во табелата во поглавје 5 е објаснето кој тип на батерија користи секое слушно помагало.

ⓘ Отстранете ја батеријата доколку не го користите Вашето слушно помагало подолго време.

ⓘ Посебниот медицински или стоматолошки преглед, вклучувајќи зрачење, опишан подолу, може негативно да влијае на правилното функционирање на Вашето слушно помагало. Отстранете ги и чувајте ги надвор од просторијата за испитување/површината, пред да поминете:

- Медицински или стоматолошки преглед со X-зраци (исто така КТ скенирање).
- Медицински прегледи со МРИ скенови, генерирање на магнетни полиња. Слушните помагала нема потреба да се отстрануваат кога минувате безбедносни аеродромски контроли. При вакви случаи, доколку постои X-зрачење, тоа е во многу мали количини и не влијае на слушните помагала.

ⓘ Не го користете Вашето слушно помагало во области каде е забранета електронска опрема.

**Генерален застапник:**
**СЛУХ 1**
Бул. Партизански одреди бр. 66 А/2-1М
1000 Скопје, Македонија
тел.: +389 2 3076061, факс: +389 2 3076062
www.sluh.com.mk
www.phonak-macedonia.com

**Производител:**
**Sonova AG**
Laubisrütistrasse 28
CH-8712 Stäfa
Switzerland
www.phonak.com

sonova
HEAR THE WORLD

CE
0459

029-0574-Macedonian/V2.00/2018-09/SB Printed in Bulgaria © 2017 Sonova AG All rights reserved